**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Четириесет и третата седница**
**на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 27 април 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,25 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Бесим Догани, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теуата Арифи, Али Ахмети, Агрин Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураку, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Љубчо Георгиевски, Мендух Тачи, Данаел Дончев, Ружди Матоши, Флора Кадриу, Елмази Селмани и Јани Макеадули, Радмила Шекеринска, Илинка Митрева, Никола Поповски, Никола Рилковски и Лазар Китановски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Бидејки од 64 потпишани пратеници само 40 стиснаа копчиња ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници).

Констатирм дека во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата е поканет Претседателот на Република Македонија и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот на законот за рамномерен регионален развој; Предлогот на одлуката за испраќање на персонал на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Мисијата на Обединетите нации УНИФИЛ во Либан и Предлогот на одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија - медицински тим за учество во Мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата д аја образложи оправданоста од овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор заменик министерот за одбрана, господинот Илјаз Халими.

**Илијаз Халими:** Имаме две точки предложени за оваа седница. Првата точка се однесува за испраќање на две униформирани лица во Мисијата УНИФИЛ во Либан,

Прв пат имаме прилика како држава д аиспраќаме наши претставници од Армијата во оваа Мисија на Обединетите нации.

Бидејки рокот е многу скратен, во мај треба да ги испратиме овие униформирани лица се бара под итно да се одржи седница на Парламентот, за да донесе одлука затоа што според Законот за одбрана, член 43 став 2 Собранието на Република Македонија донесува одлука за испраќање на наши контингенти надвор од Република Македонија во одредени мисии.

Со ова сметам дека Република Македонија добива многу. Се придонесува околу учеството на нашите единици во овие мировни мисии, а ова е едно од клучните прашања за добивање позитивниоценки околу вклучувањето на Република Македонија во НАТО и во Европската унија.

Затоа молиме Собранието да ги усвои овие две одлуки.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Халили.

Пред да му дадам збор на господинот Јанакиевски процедурално бара збор господинот пратеник Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Се јавив за процедурална забелешка за начинот на свикувањето на денешната седница. Навистина сакам да го изразам незадоволството на пратеничката група на СДСМ за начинот на кој што се менаџира работата во Собранието на Република Македонија.

Уште еднаш како многу пати дос ега се прави директен упат со ставање на точки на дневниот ред. Јас навистина разбирам за итноста за првите две точки од дневниот ред, впрочем тоа за СДСМ било прифатливо и до сега кога имаме точки за испраќање на мисии во други држави, меѓутоа не можам да разберам другите два закони, како што е Законот за електронски комуникации, изменување и дополнување и Предлогот на законот за рамномерен регионален развој завчера во 17,30 часот да биде закажана седницата без пратениците да ги добијат материјалите за да можат да се подготват, а знаеме дека тоа се закони кои се многу битни за правниот поредок и воопшто за граѓаните на Република Македонија.

Мислам дека на ваков начин, не знам која цел сакате да ја постигнете, дали да не можат да се подготват пратениците од опозицијата квалитетно да водиме расправа и да дадеме соодветни предлози за изменување и дополнување на овие

законски решенија и само набрзина да се донесе, за да си ја исполните сопствената агенда.

Мислам дека на таков начин нема да придонесеме да имаме квалитетни закони, туку едноставно ќе се оди на квантитет и уште еднаш отвораме можност оние кои што не наблудуваат во овој процес да забележат дека најбитно е тоа законите да имаат квалитет и применливост, а не само да гледаме на бројката.

Мислам дека ваков начин на работа во Собранието треба еднаш засекогаш да се напушти. Мислам дека треба подоследно да се менаџира работата во Собранието и на тој начин ќе придонесете да има ефикасност во работењето на Парламентот. Неприфатливо е само еден ден претходно, и тоа доцна навечер, кога веќе и службите во Собранието на Република Македонија не работеа, да можеме да ги погледаме законските решенија и да поднесеме амандмани.

Сакам оваа забелешка најсериозно да ја прифатите и вие и парламентарното мнозинство и во иднина да не се случува вакво нешто, заради тоа што за вакви значајни закони, за приоритетни закони кои што се еден чекорнапред кон усогласувањето на нашето законодавство со законодавството на Европската унија мислам дека заслужуваат поголем респект во Собранието на Република Македонија од она што вие во моментот го правите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Спасовски.

Итноста на точката ќе ја образложи министерот за транспорт и врски, господин Миле Јанакиевски, повелете.

**Миле Јанакиевски:** Благодарам господине потпретседателе.

Владата му предлага на Собранието овој закон да го донесе по итна постапка, бидејки со предложените изменувања ќе овозможи забрзување на процесот на либерализација во сферата на фиксната и мобилната телефонија, намалување на крајните цени на услугите во електронските комуникации и привелкување на странски диреkни инвестиции.

Во моментот иако има нов интерконецsmåски договор македонски Телокомуникации не сака до крај да ја спроведе оваа одлука и затоа се предвидуваат поригорозни казни со цел да се спроведе Интерконекцискиот договор, а од друга страна е направено усогласување на Законот за електронски комуникации со Законот за прекршоци.

Се андевам на подршка и дека овој закон ќе се разгледува по итна постапка.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итн апостапка го ставам на галсање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот гласале вкупно 63 пратеници.

61 гласале за, воздржани нема и 2 против.

Констатирам дека предлогот на Валдата е усвоен.

Владата на Република Македонија согласно член 172 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот на законот за рамномерен регионален развој Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата Предлогот на законот да се разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Се извинувам но додека пристигне претставникот на Владата за збор се јави процедурално господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Почитуван потпретседателе.

Ако за преходните две точки од Министерството за одбрана и точката од Министерството за транспорт и врски целокупната процедура ја изведуваат согласно Деловникот , иако и јас сумпротив таквиот пристап особено за законот за електронски комуникации, оваа точка што ја поставувате на дневен ред навистина според мене е и спротивно на Деловникот и пратениците ги оневозможувате да се вклучат активно во донесувањето на законот. Ова ќе го образложам со следното.

Скратена постапка за донесување на закон е мноу јасна. Предлогот за донесување и Предлогот на закон одат во една иста седница, иако се две фази и тука се скратуваат роковите, во рок од 60 дена да го предложи Предлогот на закон.

Во оваа ситуација ние имаме Предлог на закон, сме ја поминале првата фаза, што значи не занм во што е скратувањето на роковите.

Вие односно претседателот на Собранието ни достави допис со кој што се повикува на членот од Деловникот за скратени постапки не извести дека 24 часа пред одржувањето на седницата имаме право да поднесеме амандмани како пратеници на Собранието.

Ако е законот по итна постапка тогаш се знае, според Деловникот имаме право на поднесување на амандмани додека трае расправата.

Ако е законот во скратена форма тогаш треба закон со Предлог за донесување на закон, па Предлог на закон, илипак ако има време меѓу двете фази за нацрт на закон.

Навистина немам ништо против побрзо да ги носиме законите кои што се однесуваат за имплементација на законодавството во согласност со европското законодавство, но начинот на кој што ова го правите е спротивно на Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија. Затоа писмото кое што е од страна на премиерот на Владата на Република Македонија за донесување на овој закон е, бидејки секогаш вели пратениците не знаат и неспремни се е крајно непознавање на работата на Собранието и Деловнико тна Собранието на Република Македонија.

Ако сакате да го поставите овој закон на дневен ред тогаш најисправно е да кажете дека овој Предлог на закон ќе се разгледува по итна

постапка, претставникот на Владата да ја образложи итноста и тогаш претседателот на Собранието да си го повлече својот допис до пратениците дека само 24 часа пред почнување на седницата имаат право да поднесат амандмани, а ние тоа известување го добивме на 14 или 15 часа пред изминувањето на рокот за поднесување на амандмани, тогаш работиме спротивно на Деловникот и ги оневозможувате пратениците да ја извршуваат основната функција, да предлагаат амандмани за донесувањето на овој закон.

Мојот предлог е кога ќе дојде дневниот ред ќе изнесам овој закон да биде предложен на 7 мај, како што беше, нека биде тогаш прва точка за да ја завршиме побрзо, но ваквиот начин според мене е спротивен на Деловникот за работа на Собранието. Благодарам.

**Бесим Догани:** Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата Предлогот на законот да се разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Има збор господинот Зоран Коњановски, повелете.

**Зоран Коњановски:**Благодарам.

Владата на Република Македонија согласно член 172 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предложи скратени рокови за Предлог законот за рамномерен регионален развој што воконкретен случај би значело негово ставање на дневен ред на денешната седница, наместо на 7 мај како што беше планирано.

Станува збор за поместување нанапред од само десетина дена, што во случајот е многу важно за да можат да се испочитуваат роковите за подготовка на други документи поврзани со овој закон.

Имено до крајот на месец мај треба да бидат подготвени оперативните програми за користење на ИПА фондовите за да можат овие оперативни програми да бидат ставени во функција неопходно е да се дефинира институционалната структура и да се дефинира начинот на користење средства.

Тоа ќе биде направено со Уредба што треба да биде подготвена час поскоро за да има време да се усогласи со директивите на Европската унија. Основ за подготовка на оваа Уредба е единствено даден во текстот предложен во Законот за рамномерен регионален развој. Секое пролонгирање на донесувњето на законот ги стеснува роковите за подготовка и усвојување на таа Уредба или законски под акт, за кој говорев, без неа не би било можно државата да користи средства од претпристапните фондови.

Ставањето на Предлогот на законот на дневен ред на денешната седница ценам дека и не значи оневозможување да се произнесете по предложеното законско решение, од друга страна што е исклучително важно во овој момент нема да биде доведено во прашање навремено донесување на Уредбата и можноста Република Македонија навреме да ги заврши сите подготовки за користење на ИПА фондовите, што е основен интерес за државата и за општините во Република Македонија. Искрено се надевам дека пратениците ќе имаат разбирање за потребата оваа точка да стане дел од дневниот ред и Собранието денес да ја отпочне расправата по Предлогот на законот за рамномерен регионален развој. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам министре.

Предлогот на Владата...

Процедурално бара збор Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине потпретседателе,

Кон вас ми е упатена процедуралната забелешка.

Кои рокови согласно Деловникот ги скратуваме. Зошто вака законот го ставате на дневен ред?

Јас ја разбирам Владата, заради тоа што навреме не си ги заврши обврските и роковите и се скратени за да ги исполни другите обврски коипроизлегуваат од овој закон. Но, ве молам да ми објасните кои рокови ги скратувате согласно деловникот и според што го ставате вака на дневен ред законот.

Ве молам тогаш ставете го како итна точка, нека се гласа како итна точка. Ако е како итна точка тогаш претседателот нека си го повлече своето решение за поднесување амандмани за да можат пратениците да се вклучат во расправата и на таков начин да работиме. Тоа е Деловнички, а вие можете да изгласате и за кршење на Деловникот, тоа е друго, но јас би ве замолил да се држиме до Деловникот за работа на Собранието затоа што нема скратени рокови. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Најдовски.

Мислам дека и во писмото со образложението што го добивте од претседателот исогласно член 172 од Деловникот процедурата на Деловникот не е прекршена затоа Предлогот на Владата Предлогот на законот да се разгледа во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеници. 50 гласале за, воздржано 8 и против 5 пратеника.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Претениците Слободан Најдовски и Јован Манасиевски предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со информација во врска со организирање со манифестацијата Отворен парламент.

Информацијата ви е поделена.

Молам еден од предлагачите да ја образложи основната и неодложна потреба, информацијата да биде разгледана на оваа седница.

Има збор пратеникот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе, почитувани колеги пратеници.

Пред се, сакам да кажам дека јас и колегата Манасиевски бараме итно да се разгледа оваа информација на оваа седница. Итноста е во тоа што на почетокот на мај требаше да се организираат деновите на отворен Парламент во Република Македонија.

Имено, според информациите кои беа од Утрински весник, во текот на вчерашниот ден, за жал, ќе повторам, за жал ние пратениците прв пат дознаваме дека оваа година нема да се организираат денови на Отворен парламент односно манифестацијата која беше пракса во ова Собрание.

Имено, во периодот од 9 до 13 мај 2005 година за прв пат се организираше манифестацијата денови на Отворен парламент. Истата беше организирана и наредната 2006 година. Искуството од таа манифестација покажа дека тоа претставува значаен чекор кон демократизација на македонското општество и отворање на институциите на државата кон граѓаните. македонскиот Парламент во тие денови го посетуваа илјадници граѓани од Република Македонија. според некоја евиденција која беше направена во 2005 година, преку 10 илјади граѓани на Република Македонија го посетија македонскиот Парламент.

Дека ова е исто така добар потег, се уверивме и од тоа што сегашната Влада на премиерот Никола Груевски, поаѓајки од таквото искуство во Парламентот, оргнизираше денови на отворена Влада само разликата беше што во Парламентот секој граѓанин тие денови можеше слободно да влезе, а во Владата, кога беше ден на отворена Влада, исклучиво со списоци по одредени клучеви.

Интенцијата на таа манифестација беше Собранието да ги отвори широко вратите, не само за денови на Парламент, туку и во секојдневната работа. Тоа е својствено за сите парламенти во сите држави во светот. Сега навистина нејасни се причините. Јас му верувам на пишувањето на Утрински весник и според изјавите што ги имаше од кабинетот на претседателот на Собранието на Република Македонија, нејасни се причините зошто оваа манифестација се укинува, иако со донесувањето на Буџетот за оваа година беа предвидени средства. Погледнете го Буџетот и ќе видите дека точно за оваа манифестација беа определени финансиски средства.

Јас не сакам да верувам, но сепак мене лично ме упатува на заклучокот дека и ова е една од алките на синџирот во кој треба да се докаже дека за се што е лошо во државата е виновен Парламентот, виновни се пратениците, а добриот премиер, добрата Влада е секојдневно со граѓаните на Република Македонија. Ова претставува режија на претседателот на Собранието и премиерот на Владата на Република Македонија, се со цел Парламентот да се урниса на најниски можни гранки.

Јас верувам дека ние пратениците со тоа нема да се согласиме и дека ќе се спротивставиме на тоа да се запре една убава манифестација во Република Македонија која е за развој на демократијата во Републиката. Во склоп на ова, верувајте ми, очекувам кон крајот на јуни премиерот или претставници на Владата да излезат на прес-конференција на која ќе кажат дека пратениците го затворија Парламентот за граѓаните, дека пратениците се виновни за тоа што не се донесоа законите според рокот кој Владата си го предвиди, крајот на јуни, иако тие закони сега не се стигнати во Парламентот, но ќе ни ги достават последните денови и ќе речат, еве пратениците се за тоа виновни, а Владата си ја завршила својата работа.

Со цел точно да дознаеме зошто нема да се организира манифестацијата денови на Отворен парламент, зошто граѓаните на Република Македонија ќе бидат оневозможени да влезат слободно во законодавниот дом на Република Македонија, предлагам оваа точка да ја ставиме како итна точка на дневен ред и да донесеме заклучок со кој ќе го задолжиме претседателот, потпретседателите и останатите надлежни служби, таа манифестација да ја организираат.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Најдовски.

Предлогот на пратениците Слободан Најдовски и Јован Манасиевски, информацијата да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 20 гласале за, 2 воздржани, против 44.

Констатирам дека Предлогот на пратениците Слободан Најдовски и Јован Манасиевски не е усвоен.

Предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласање.

Гласале 64 пратеници, 57 гласале за, воздржни 4, против 3.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за испраќање на персонал на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Мисијата на Обединетите нации УНИФИЛ во Либан;

2. Предлог на одлука за испраќање на персонал на Армијата на Република Македонија - медицински тим за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа;

3. Предлог за Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за електронските комуникации;

4. Предлог на закон за рамномерен регионален развој.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 59 гласале за, 2 воздржани, против нема.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точка 1 - Предлог на одлука за испраќање на персонал на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Мисијата на Обединетите нации УНИФИЛ во Либан**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отоворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор.

Има збор пратеникот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, почитувани министри и заменици министри.

Ќе ми дозволите, бидејќи има две точки, едната одлука за испраќање единица на АРМ, медицински тим за БиХ и другата каде што праќаме две униформирани лица.

Кога се работи за униформирани лица, да објаснам дека станува збор за двајца штабни мајори, а не за слаткари, шумари или пожарникари, за да знае македонската јавност кого праќаме и со кого праќаме бидејќи праќаме луѓе кои се плаќаат, според точка 3, вели: - финансиски трошоци за плати и надоместоци на плати на персоналот ги обезбедува Република Македонија.

Сметам дека македонската јавност и македонските граѓани треба да знаат што, како и кого праќаме во странство.

Ќе ми дозволите да зборувам по двете точки за да не го злоупотребувам времето бидејќи има многу итни точки, многу итни материјали за кои треба да расправаме денес.

Јас сега ќе го кажам мојот личен став и ставот на пратеничката група на СДСМ.

Од една страна значката на мојот ревер, бидејќи е значка на НАТО покажува дека јас ја подржувам оваа Евроатланска заложба на Република Македонија, на сите влади до сега и сите акции што до сега Владата на Република Македонија и Собранието ги предлагаа и ги гласаше, во насока на наше приближување до НАТО.

Меѓутоа, јас сакам да изразам еден благ протест за начинот на кој оваа Влада, а и претходните, за жал, начинот на кој го решаваме тоа. Имено, секогаш кога треба да пратиме некаде војници, во минута до 12 доаѓа точка на дневен ред и ги праќаме луѓето таму каде што ги праќаме. Тоа не е спорно, меѓутоа сметам дека како земја идна членка на НАТО, покрај правата има и обврски. Претпоставувам дека 90% и повеќе сме за членство во НАТО, ќе има и референдум утре затоа што со новиот Закон за одрана, како што рече министерот, по нашето влегување во НАТО, Владата ќе носи одлуки за испраќање војници во контингентите на мировните мисии и тоа е добро. Меѓутоа, додека не стапи во сила, сметам дека тоа што го правиме како Собрание треба да се почитува. Заради тоа реков дека ќе гласаме за ова, меѓутоа јас сакам да ја запознаат македонската јавност, бидејќи имав прилика и привилегија, во посетата на БиХ да бидам и дел од мисијата на нашите луѓе таму во Сараево, од контингентот и да ги пренесам нивните ставови. Имено, тоа што го видов таму е дека луѓето максимално коректно и корисно ја вишат својата работа и носат големи поени за Република Македонија, многу повеќе отколку сите ние 120 заедно и сите министри во Владата. Заради тоа на тие луѓе треба да им се оддаде максимална почит, меѓутоа покрај почитта треба да направиме тие луѓе таму да се чуствуваат добро.

Имаше една поплака, мене ми е жал, што претседателот на Собранието господинот Георгиевски не е тука, тие беа преместени од Мостар во Сараево и бидејќи технички подршката им ја даваше Белгискиот контингент. Белгискиот контингент остана во Мостар и тие беа оставени сами и немаа логистика. Што значи за тој хелихоптерски тим таму да се нема логистика, тоа треба да се види на лице место. Нема да расправам за ниските плати, за нивниот социјален статус, меѓутоа, ќе апелирам до заменик министерот и до сите нас овде, новите луѓе кои ги праќаме и во Ирак, и во Авганистан, и во Алтеа, гледам сега и во Либан, пишува симболично ама значајно и навистина е значајно со двајца штабни официри, мајори да бидеме застапени во Либан, да почнеме да разговараме сериозно. Значи, прво точките што се ставаат на дневен ред да се ставаат на време, да се отвори јавна расправа, затоа што во една демократска држава која се стреми да биде членка на еден современ демократски систем мора да се почитуваат и демократските принципи. Значи прво да се расправа на време и второ еднаш за секогаш да го расправиме статусот на вооружените сили, на војската, а верувам и на полицијата, затоа што како што реков, ако во еден сегмент се фалиме со нив дека се најдобри амбасадори, дека нашите војници и во Ирак и во Авганистан се најдобри, особено медицинскиот тим во Сараево има инзвонредни хелихоптерски сили, бидејќи има пофалби од нашите сојузници и на тие луѓе треба да им овозможиме услови за работа.

Да заклучам, ќе ја подржиме оваа одлука, само би ве замолил и во интерес на вистината и во интерес на граѓаните на Република Македонија овие точки навремено да бидат најавувани и материјалот доставуван. Инаку нема да има проблем, ќе дадеме подршка.

Второ, во една посебна точка, тоа треба и вие господине заменик министер да иницирате, да поразгораваме и за проблемите на војската и евентуално, се обраќам до миистерот за внатрешни работи, значи и за полицијата, нивната улога и функционирањето во системот.

Значи, СДСМ ќе даде подршка на оваа одлука.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Рахиќ.

Процедурaлн за збор се јавува господинот Манасиевски.

**Јован Манасиевски:** Благодарам господине потпретседателе.

Јас би замолил, пред да продолжи расправата, бидејќи се работи за значајна точка каде што Република Македонија за прв пат испраќа мисија, испраќа свој персонал во мисија на ОН, да добиеме елементарно образложение.

Материјалот е добиен пред неколку дена. Во меѓувреме не е свикана седница на Комисијата за одбрана и безбедност, значи пратениците немаат шанса барем на комисиското тело да добијат пошироко образложение. Навистина не е во ред на пленарна седница да се оди, исто така, без никакво образложение.

Да ве потсетам, тоа не рутинска одлука за продолжување за ротација, како што имаме за Ирак и Авганистан каде што можеби дополнителна расправа некогаш и не е потребна, туку се работи за иницијална мисија за која пратениците и генералната јавноста немаат доволно информација. Имено од досегашните искустава се знае дека штабните офицери се испраќаат како претходница. Значи предлагачот треба да ни соопшти дали во иднина се планира зголемување на контингентот, кои се спецификите на тој контигент, што се планира, затоа што не е во ред Парламентот без никакво образложение, ниту на матичната комисија ниту на пленарната седница воопшто да расправа и да носи одлуки. Јас би ги замолил претставниците на Владата да дадат барем елементарно објасување за основните карактеристики на оваа мисија, па потоа да можеме да се вклучиме во расправата.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор заменик министерот за одбрана Илјаз Халими, повелете.

**Илјаз Халими:** Благодарам,

Како што знаеме, ние како држава учествуваме со наши воени единици, единици на Армијата во Авганистан, Ирак, било во рамките на НАТО, па и во рамките на Европската унија, значи мисијата АЛТЕА во БиХ. Значи, прв пат имаме прилика сега да упатуваме наш персонал на Армијата и во мисијата УНИФИЛ во Либан.

Треба да знаете дека има многу барања од разни држави да испратат единици односно воен персонал, меѓутоа тешко се добива одобрение односно тешко се одлучува од страна на ОН. Тоа што ние го постигнавме за да можеме да испратиме двајца и тоа штабни официри, мајори тоа е голем успех. За ова е преговарано по низа канали и тоа го обезбедивме. Тоа е еден голем придонес и за Министерството за одбрана, Владата и за самиот Парламент кој донесува одлука.

Исто така, водиме разговори и верувам дека над 90% постои можноста и финансиските средства да ни ги обезбедуваат тие. Меѓутоа, сега за сега останува ние да ги обезбедуваме тие средства, бидејќи и да бараме да учествуваме во овие мировни мисии што е еден голем придонес за нас, а од друга страна да ги условуваме и да ни ги подмируваат трошоците, сепак е нешто повеќе. Но, сепак разговорите течат и убеден сум дека средствата ќе се обезбедат од нивна стана за учество за овие двајца наши штабни официри.

Проблемот што се бараше под итно да се свика седница на Собранието е во тоа што доцна го добивме одговорот од ОН. Значи, тие не одговараат веднаш на нашите барање за да можеме однапред да го планираме и организирањето на седниците на Собранието, а исто така и подготовките и организирањето што треба да го направи Министерството за одбрана за да ги испратиме овие воени единици во разни мисии надвор од Република Македонија.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор господинот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Господин потпретседателе, заменик министер, почитувни пратеници.

Ние треба да ја усвоиме оваа одлука и ние пратениците од Либералната партија ќе гласаме за оваа одлука, што ја сметаме за многу корисна.

Всушност ОН веќе во повеќе наврати имаа интервенирано со свои мировни мисии на ова подрачје, подрачје каде конфликтот трае околу 50 години и каде тешко се наоѓа конечно решение. Но, да се надеваме дека сега сепак во тек се некои напори кои дефинитивно ќе дадат мирно решение на тој проблем.

Проблемот, конфликтот меѓу Израел и Палестинските Арапи, но и некои други соседни земји, кои ги поддржуваа.

Мислам дека многу важно е сега оваа мисија да успее. Оваа мисија е, колку што знам, таму водечка сила е Франција, која има историски развиени и односи и обврски кон Либан и со Либан и се очекува дека мисијата ќе придонесе за смирување на состојбите во Либан, да не може таму состојбите да бидат такви да провоцираат обнова на конфликтот и дека ќе придонесе да се даде здив на страните во конфликтот, да ги забрзаат своите напори за едно конечно решение, чии темели беа удрени многу одамна, некаде пред 15 години кога во Осло направија Договор двајцата поколни лидери Ицак Рабин и Јасер Арафат. Сега, да се надеваме дека навистина ова ќе биде македонски придонес во завршницата на еден тежок конфликт и тоа со ангажман на Обединетите нации, како рамноправна членка Македонија на Обединетите нации треба овде да учествува. Мислам дека тоа што и е дадена можност да учествува со свои два штабни официри и е оддадено признание на Македонија дека е способна и има углед во светот да може да биде дел од една мировна мисија, која има задача да обезбеди атмосфера и состојби, кои ќе можат да придонесат да може да биде затворен овој конфликт. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви Благодарам господине Андов.

Има збор господин Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван потпретседателе, само накусо сакам да кажам и јас нешто во врска со оваа мисија.

Мислам дека за Република Македонија е од извонредна важност што ќе партиципира во мировните мисии на Обединетите нации и ја има целата поддршка од моја страна ваквата одлука, што е предмет на разгледување пред Парламентот.

Сакам да укажам на променливите ставови на некои од пратеници, поготово на пратеникот Манасијевски кој кога беше министер за одбрана тогаш настојуваше да обезбеди консензус од сите политички партии и таква поддршка тој имаше. Сега, мислам дека нема потреба токму од министер за одбрана, кој што ја знае целта на ваквите мисии, да отвора прашања или да има резерви кон ваквата одлука што денес треба да ја донесе Парламентот.

**Бесим Догани:** Ви Благодарам господине Трајанов.

Реплика има господинот Јован Манасијевски, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам.

Мене ме изненадува што господинот Трајанов прифаќа Парламентот да разговара без никакво образложение, затоа што ние немавме апсолутно никакво образложение. Моето прашање е тогаш зошто ни се сите надлежни собраниски тела. Таму треба да се отвори една поширока расправа и од аспект на афирмација на сите позитивни елементи, но и од аспект на согледување на нашата фокусираност. Имено, Македонија за прв пат испраќа свои војници во мисија на Обединетите нации и тоа како политички гест е добро. Добро е и тоа што присуството е симболично. Меѓутоа, треба да се размисли и треба да се разговара ако има барања ова учество да расте. А, вообичаено е, рутински се случува после симболичкото присуство има барања контингентот да расте. Во ситуација кога имаме јасни НАТО цели, кога треба да се вокусираме натаму, најдобро е сите наши сили, персонални ресурси да ги сконцентрираме таму каде што навистина можеме да направиме некаква разлика. Тоа е добро и од аспект на самите воени сили да не бидат расфрлани на неколку места, туку да бидат сконцентрирани. Имено, во една од земјите која што е членка на Јадранската група во Република Хрватска, сега се води расправа и всушност се реконструираат силите, затоа што Хрватска во моментов учествува во 6 или во 7 мисии на Обединетите нации со по еден, двајца или тројца припадници и самите власти на Хрватска заклучиле дека е подобро и повеќе ќе се цени придонесот на таа држава, доколку ги сконцентрираат своите сили во една мисија. Оттаму, Парламентот е тоа место каде што треба да се одлучува, прво, да се чуе која е идејата на Владата долгорочно, значи не се работи само за овие двајца штабни офицери, туку долгорочно да се види и се разбира низ расправа да се дојде до тоа решение. Инаку, јас лично ја давам апсолутната поддршка за испраќање на овие двајца штабни офицери, меѓутоа доколку се водат разговори или има барања за поопсежно учество на нашата држава во оваа мисија, треба сериозно да се размисли од аспект на тоа што ние имаме дефиниран контингент на расположливи сили. Од тие сили се испраќаат сили и во НАТО мисиите и во ЕУ мисиите и во овие мисии. Значи, тоа не е некој екстра контингент, па затоа треба да се внимава како на најдобар начин ефективно да ги искористиме нашите ограничени ресурси. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви Благодарам господине Манасијевски.

Има збор господинот Љубисав Иванов Ѕинго. Повелете.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Благодарам потпретседателе.

Јас за прв пат изразувам едно големо задоволство нашето Министерство за народна одбрана и Владата што прави напори, трошоците околу нашите мисии, еве конкретно преку Обединетите нации, но во исто време треба да се прави и преку мисиите на НАТО и други мисии, да ги сносат оние кои што практично ги организираат тие мисии. Затоа што Македонија е сиромашна земја, Македонија нема доволно средства и јас секогаш досега кога по ова прашање се зборуваше, инсистирав да се преговара трошоците да ги сносат оние кои што ги организираат тие мисии. Би требало да направи напори нашето Министерство тоа да го разреши и за другите мисии, како што е Ирак, Авганистан, или утре каде што ќе се појави некоја друга потреба. Исто така, треба да се инсистира да се изнајдат модели, начини и форми, овие луѓе кои што идат во овие мисии, да бидат високо осигурани, за да не дај Боже во било која несреќа нивните семејства да бидат обезбедени и да им биде овозможено една егзистенција. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви Благодарам господине Ѕинго.

Има збор господинот Гарип Каба. Повелете.

**Каба Гарип:** Благодарам господине потпретседател, почитувани пратеници,

Секако дека фактот на испраќање на двајца офицери во мисијата на Обединетите нации е за секоја пофалба и мислам дека оваа мисија сигурно дека треба да се поддржи така како што сме ги поддржувале другите мисии. Би сакал да нагласам уште еден факт дека ова ќе служи на рекламирање и позитивниот имиџ на самата Влада и другите институции во Република Македонија. Значи, ние бараме општа поддршка од сите пратеници да гласаме за овој Предлог. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви Благодарам господине Каба.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Пред да ве повикам на гласање, ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата, за да пристапиме кон гласање.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 65 пратеници, сите 65 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на персонал на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Мисијата на Обединетите нации УНИФИЛ во Либан.

**Минуваме на точка 2 - Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија - медицински тим за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа.**

Предлогот на Одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по тексто на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, сите 65 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија - медицински тим за учество во мировна операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа.

**Минуваме на точка 3 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, со Предлог на закон.**

Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи, нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот на законот гласаа 62 пратеници, сите 62 гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации.

**Минуваме на точка 4 - Предлог на закон за рамномерен регионален развој.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Трајко Вељаноски, Силвана Бонева, Оливер Дерковски, Панче Дамески и Катерина Димеска поднесоа амандмани на член 7 став 1, член 17 став 1 за додавање нова алинеја 4 по алинејата 3 и на новата алинеја 5 член 18, став 3 алинеја 5, член 19 став 6, член 20 став 1 алинеја 4, член 26 став 1 за додавање нова алинеја по алинејата 4, член 34 за менување на ставовите 1 и 2 и на став 6, член 37 став 1 за бришење на алинеја 2 и за додавање нов став по ставот 1, член 41 став 2, член 43 став 2 за додавање нов член 68 по член 67, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Никола Ќуркчиев поднесе амандмани на член 5 за менување на став 2 и на член 6 став 4, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Никола Ќуркчиев, Јани Макрадули, Весна Бендевска и Цветанка Иванова поднесоа амандмани на член 9 за бришење на став 5, член 10, став 6, член 12 став 3, член 16 став 2 алинеја 2, член 16 став 2 за додавање нова алинеја 3 по алинејата 2, член 23 став 1 за бришење на алинеите 1 и 2, член 27 став 2, член 30 за менување на став 2 и за бришење на став 3, член 38 за бришење на став 4 и за менување на став 6, член 39 став 3, член 52 став 1 за бришење на членовите 53 и 54 и на член 56 ставови 1 и 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Никола Ќуркчиев, Цветанка Иванова, Весна Бендевска, Јани Макрадули и Верица Филипова, поднесоа амандман за бришење на член 62 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Никола Ќуркчиев, Весна Бендевска и Цветанка Иванова поднесоа амандмани на член 6 став 2 алинеја 3 за бришење на став 4, член 6 за менување на став 5 и на член 10 за бришење на ставовите 1 и 2 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Јани Макрадули, Цветанка Иванова и Весна Бендевска поднесоа амандман на член 16, став 2 за менување алинеја 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Никола Ќуркчиев, Цветанка Иванова, Весна Бендевска и Ацо Киров поднесоа амандмани на член 7 став 2, член 29 за додавање два нови ставови 2 и 3 по ставот 1 и за менување на воведната реченица на ставот 2 и за бришење на член 70, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Јани Макрадули, Цветанка Иванова, Весна Бендевска и Ацо Киров, поднесоа амандмани на член 12 став 4, член 15 став 1 за додавање нова алинеја 5 и на член 36 став 4 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Слободан Најдовски поднесе амандмани на член 10 за менување на став 2, член 16 став 2 за додавање нова алинеја 4, по алинејата 3, член 27 став 2, член 36 за бришење на став 4, член 36 став 4, на член 40 за додавање нов став 1 пред ставот 1, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Роза Топузова Каревска поднесе амандмани на член 10 за менување на став 2, член 16 став 2 за додавање нова алинеја 4 по алинејата 3 и на член 27 став 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Ацо Киров, Борис Кондарко и

Благородна Цветковска поднесоа амандмани на член 9 за менување на став 4, член 9 став 5, член 10 за менување на став 2, член 10 за додавање нов став 3 по ставот 2, член 10 за менување на став 5, член 12 за додавање нов став 5 по ставот 4, член 19 за менување на став 5 и на член 37 за додавање нов став 7 по ставот 6, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Влатко Серафимов, Марјанчо Николов, Ацо Киров, Борис Кондарко, Благородна Цветковска и Никола Ќуркчиев поднесоа амандман на член 38 за менување на став 2, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Борис Кондарко, Ацо Киров, Благородна Цветковска, Влатко Серафимов и Никола Ќуркчиев поднесоа амандман на член 21 за менување на став 3, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Марјанчо Николов, Борис Кондарко, Влатко Серафимов, Ацо Киров и Никола Ќуркчиев поднесоа амандман на член 6 за менување на став 4, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Марјанчо Николов, Ацо Киров, Влатко Серафимов и Никола Ќуркчиев поднесоа амандман на член 5 за додавање два нови ставови 3 и 4 по ставот 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Процедурално има Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Заради дополнителни консултации во однос на расправата по Законот за рамномерен регионален развој, согласно Деловникот барам еден час пауза во име на пратеничка група.

**Бесим Догани:** Господине Спасовски, ако се согласувате да дадеме пауза до 13,00 часот.

**Оливер Спасовски:** Не, малку ни е.

**Бесим Догани:** Тогаш, продолжуваме во 13,24 часот, еден час пауза по барање на пратеничката група на СДСМ. Благодарам.

(По паузата седницата продолжи во 13,40 часот).

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата за да продолжиме со работа.

Бидејќи паузата беше по барање од пратеничката група на СДСМ поради договор во однос на предложениот закон до овој момент, до мене нема стигнато ништо.

Бидејќи моето деловничко право беше еден час пауза, а всушност паузата беше побарана се со цел да најдеме некој заеднички договор во однос на големиот број амандмани кои се поднесени од пратеничките групи, јас ќе објавам пауза уште 15 минути се со цел ако може да се постигне тој договор.

(Реакција од пратеници паузата да биде споена со паузата за ручек).

Добро, во тој случај, ги прифаќам вашите сугестии, заедно со паузата за ручек, објавувам пауза до 15,00 часот.

(Пауза од 13,44 до 15,17 часот).

**Бесим Догани:** Продолжуваме со седницата.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев кон кој се приклучија и пратениците Ацо Киров, Влатко Серафимов, Благородна Цветковска, Тале Герамитчиоски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Игор Ивановски, Верица Филипова, Борис Кондарко и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа господинот Зоран Коњаноски, повелете.

**Зоран Коњаноски:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам почитуван потпретседател.

Може ли пред да дадам било какво објснување или образложение да го прашам предлагачот зошто овој амандман не е прифатен.

**Бесим Догани:** Повелете господине министер за локална самоуправа.

**Зоран Коњаноски:** Планските региони се воспоставуваат од страна на Владата за да може да има планско распределување на средствата и да може да има развој во однос на рамномерниот регионален развој и тие се поклопуваат со постојните статистички региони спрема НУТС 3 стандардите. Мислам дека нема потреба од тоа тие плански региони да ги утврдува Собранието, затоа што велиме со законот се утврдени и се однесуваат на постојните статистички региони.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Коњаноски.

Господине Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитувани колеги, почитуван министер, образложението кое што го дадовте навистина не треба да се коментира од повеќе причини.

Прво, заради тоа што номенклатурата, како некои на нарекуваат, на просторните единици за статистика воопшто не е иста со одлуката на Владата која што е донесена во 2001 година. Би било згодно, ако ништо друго, барем да се користат истите термини за важечки одлуки, кои се донесени во 2001 година, кои сеуште се на снага, тогаш, ако не ме лаже сеќавањето, одлуката е донесена на 21.04.2001 година кога премиер беше господинот Љубчо Георгиевски и таа одлука сеуште важи. Меѓу другото, за жал, како и во се друго така и за овој амандман побарав да почне расправата со пет минути задоцнување, меѓутоа и тоа не беше дозволено,

но навикнавме да работиме по едни би рекол вонредни услови во ова Собрание и навистина ако нема услови да работиме, нема услови да се сослушаме, не знам зошто би образлагал воопшто за амандманот, зошто треба навистина да се поддржи, заради тоа што е имаме грешка која одлука прво да се почитува, дали одлуката на Владата која сеуште е важечка и самиот термин-еве, јавно го повикувам министерот нека каже НУТС што значи, зошто одлуката е една, а во законот се користи друго нешто. Тврдам дека тешко ќе го објасни тоа, но иако замоливме за еден ваков сериозен проект каков што е законот за рамномерен регионален развој, кој што првично требаше да го дебатираме на 7 мај о.г., под вонредни околности главниот претрес во среда навечер се закажа за денес и пратениците имаа само два ипол часа време да поднесат амандмани. Нормално дека за тој период ни стручните служби, кои што го немаа Предлог-законот не беа подготвени да не сослушаат или да ни помогнат. Но за тоа веројатно во некоја друга прилика ќе може да зборуваме. Чинам дека правиме дупла грешка. При сето брзање ние можеме да го донесеме законот, односно вие како парламентарно мнозинство, меѓутоа, како е можно вчера кога се славеше 35 години од постоењето на ЗЕЛС, каде што бевте и вие господине министер, тоа е единствената национална асоцијација во која членуваат, учествуваат во работата сите општини до сега во сите изминати 35 години, како е можно единствената национална асоцијација на единиците на локалната самоуправа да стои по страна, воопшто да не биде консултирана, да не биде прашана што мисли токму за овој закон кој што вие го нарековте дека е еден од водечките или најважните во Министерството за локална самоуправа. Мислам дека до колку и нив ги прашавте, ќе видевте дека тие малку поинаку ја толкуваат работата од она што е предложено и дадено во законот. Имено, ако навистина за еден закон министерот кој што го предлага вели дека е клучен, на патот кон Европската унија, а само за месец дена поминуваат и двете фази и кога за истиот на пратениците им се оставаат сам два ипол часа да поднесуваат амандмани, навистина нема ли никој во оваа држава да се запраша колку е часот. Зошто сето ова ни се случува токму на нас. Или пак ако Заедницата на единиците на локалната самоуправа не била запрашана, не била консултирана, не се изјаснила, зошто тогаш вие и во првиот дел на расправате рековте дека ќе водите јавни дебати по подрачјата, регионите и општините во Република Македонија не се случи токму тоа. Треба ли  токму овие меѓународни асоцијации кои работат со години и инвестираат во локалната самоуправа и локалната демократија во Република Македонија да ни кажат дека првиме груба и голема грешка. Во последните три години од 2004 до 2007 година само УСАИД, само Американската агенција за меѓународен развој има инвестирано повеќе од 11,5 милиони долари. Зарем не се најде никој во Министерството да се консултира, да праша што мислат тие за еден ваков сериозен проект кој што велите е најважен можеби во делот или патот кон Европската Унија.

За Генералниот директорат не сакам да поставувам прашања од едноставна прочина што европската интеграција изгледа станува мислена именка во Министерството за локална самоуправа или пак зошто, кога е вообичаено експертите на Генералниот директорат да се поканувaат да дојдат во Република Македонија да учествуваат во донесување на вакви и слични закони, не беа поканети или не беа воопшто консултирани, ниту во подготвителната фаза ниту во ова брзоплето би рекол брзање за да се донесе законот, а не знам навистина од кои причини. Зарем тие ќе немаа ниедна забелешка која можеби ние ќе ја оценевме, прифатевме и ќе ја вградевме во законот. Или пак нивните експерти, ако беа во друга мисија во Република Македонија, а беа, зарем не помисливме што ќе се случи во мај месец за неколку дена на Собранието на Конгресот на локални регионални власти во Стразбург, која оценка таму повторно ќе ја добиеме за ваков би рекол клучен проект. Замислете, го донесуваме најважниот закон според министерот за локална самоуправа по скратена, по итна постапка, едноставно само ќе ни речат дека ниту личи ниту оди. Друго е прашањето што некои можеби мислат дека опозицијата не е подготвена и не ќе може да даде добри амандмани да го подобри овој закон. И во првиот дел и сега сакаме да кажеме дека овој закон ни е потребен, меѓутоа, концептот кој што е применет во овој модел апсолутно не држи и ќе направи сериозна забуна во и така сиромашните општини во Република Македониа.

Вчера премиерот во обраќањето пред градоначалниците и претседателите на советите зборуваше токму за три принципи на социјалдемократијата. Зборуваше за солидарноста која апсолутно не е спомената со ниеден збор во законот.

Токму затоа, почитуван министер, мислам дека овој амандман треба да биде прифатен од едноставна причина. Земете ги сите пишани документи во Република Македонија, ќе видите дека 50% од нив не користат ист термин. Вие моравте тоа да го направите. Голем број на пратениците не знаат што значи НУТС, не ја знаат одлуката на Владата на господинот Георгиевски, заедно ја носевте тогаш, дека е во примена или пак сега треба да измислуваме нешто што е веќе донесено, што е веќе измслено.

Од тие причини ве замолувам уште еднаш, ако не на мене, тогаш барем на пратениците да им објасните за какви региони се работи во Републиката, бидејќи се работи за Закон за рамномерен регионален развој, кои се тоа региони, што значи тоа НУТС 1, НУТС 2, што значи едностепена, двостепена, тристепена класификација, кои елементи се или да речеме просечниот опфат од делот на население, големина и тн. Би можел навистина долго да зборувам за ова, меѓутоа мислам дека тешко и

вие ќе ме разберете. Или зошто Македонија е дефинирана како НУТС 1 или повторно и во одлуката НУТС 2, што значи тоа. Или се државте само на тоа дека постои НУТС 3, дека во Република Македонија постојат или се опфаќаат само осум региони. Што ако ние како Собрание донесеме одлука да бидат девет? Се работи за статистички региони. Ние сакаме и можеме да зборуваме за регионален развој, да ги поттикнеме, да ја пробудиме анемичноста на одредени региони во Република Македонија. Тоа е целта на овој закон. Не е целта да брзаме во петок да го донесеме овој закон и да се пофалиме дека за час, два или три е донесен. Навистина жалам што ваков приод е даден на еден сериозен закон за кој што очекував долго сериозно да дебатираме и на крај заеднички сите, без разлика дали се работи за позиција или опозиција, бидејќи на граѓаните што не избраа во нашите општини им е важен овој закон. Тие можеби не знаат кој како ќе гласа, меѓутоа, ќе оценат дека сме донеле катастрофален закон.

Од тие причини, ве молам почитуван министер да сфатите дека амандманот е мошне сериозен и дека навистина треба објаснување. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги, почитуван министре.

Пратеничката група на СДС го поддржа донесувањето на еден ваков закон. Меѓутоа, сметаме дека ќе навлеземе во една фаза на сериозен аматеризам во носење на закони доколку инсистираме да штанцаме закони, на што не сме им дале време да ги елабориparams пред граѓаните и пред сите релевантни општсетвени структури, а се со цел да донесеме навистина квалитетен закон.

Донесувањето на ваков закон за рамномерен регионален развој лично јас подразбирав дека со ваков закон ќе предвидиме многу позначајна и поцврста улога на локалната самоуправа и на општината во економскиот раст. И тоа е добро. И тоа значи дека процесот на децентрализација тече во прав правец, во вистинскиот правец. Тоа значи дека ќе обезбедиме функционирање на државните органи поблиску до народот, со претпоставка дека така ќе бидат поцврсти во својата законска функција.

Меѓутоа, што добивме? Добиваме еден закон што, иако од една страна пропаѓира дека ќе уреди цела област од рамномерен регионален развој, но со една цврста концептуална грешка, би рекола фабричка грешка. Носиме закон, што по своја природа е централизиран и ќе дебатираме и затоа се обидовме како пратеничка група амандмански да го подобриме изгледот на овој закон.

Не можеме да говориме дека овој закон навистина ќе придонесе за зацврстување на локалната самоуправа, кога принципиелно го кршиме елементарниот закон за децентрализација а тоа е Законот за локална самоуправа. Убедена сум господине министре дека токму вие добро знаете дека во Законот за локална самоуправа се предвидени механизмите за соработка меѓу општините и Владата на Република Македонија. Значи, Владата на Република Македонија има законска обврска да ги информира општините благовремено и соодветно во постапката на планирање и одлучување за прашања што се однесуваат за нив.

Јас повторно, најсериозно ќе ве прашам, како ќе не убедите, каде ви е извештајот од Заедницата на единицата на локалната самоуправа, каде, да потсетам членуваат сите 84 градоначалници од Република Македонија, без оглед на која политичка опција припаѓаат.

И, повторно ќе ве потсетам, членот 80 од Законот за локална самоуправа вели: “Владата соработува со општините што се од нивен интерес” и тоа за законите што се однесуваат на општините, а токму вие во овој момент ни го нудите тој закон. Овој закон, многу блиску ќе им обезбеди на секоја општина, на секоја единица на локалната самоуправа рамномерен економски развој.

Ставот 2 од членот 80 предвидува дека Владата за својата соработка, за прашањата од ставот 1, треба да подготви извештај во кој ќе ги внесете прашањата со кои се согласиле со ЗЕЛС, како здружение на единиците на локална самоуправа и прашањата за кои не сте постигнале согласност. Но, во секој случај сте ги консултирале и сте се обиделе да го добиете нивното мислење.

И понатаму, овој член предвидува законска обврска. . .

**Бесим Догани:** Госпоѓо Бендевска ќе ве замолам да говорите по амандманот. Имаме амандманска расправа, ќе ве молам. Ве молам.

**Весна Бендевска:** Значи, господине Догани ви стана пракса да не прекинувате, претпоставувам во обид да ми одземете од концентрацијата.

**Бесим Догани:** Не, не.

**Весна Бендевска:** Зошто треба токму Собранието на Република Македонија да одлучува за планските региони. Токму за тоа говорам.

**Бесим Догани:** Не. Вие говорите за планот и програмата на ЗЕЛС и за нивниот статус.

**Весна Бендевска:** Па тогаш, токму до вас ќе го упатам прашањето, бидејќи во овој момент претседавате со Собранието на Република Македонија. Бевте должни пред нас да доставите извештај за кој говорам. Тоа е ваша законска обврска, доколку го заменувате претседателот на Собранието.

Јас ве молам да објавите пауза и пред нас да го доставите тој извештај, бидејќи е законска обврска.

**Бесим Догани:** Јас ќе ве замолам, да говорите по потребата што ја барате. Значи, Собрнанието на Република Македонија, да ги утврдува

регионите, а не Владата на Република Македонија. Тоа е текстот на амандманот што го предлагате. Повелете.

**Весна Бендевска:** Законодавниот дом, почитуван господине потпретседателе, го сочинуваат 120 пртставници на граѓаните на Република Македонија, подеднакво застапени од сите региони во Република Македонија.

Овој амандман што го поднесе мојот колега предвидува планските региони од став 1, на овој член да ги утврдува Собранието на Република Македонија, а не Владата.

Собранието на Република Македонија е токму местото што ќе одлучува на кој начин ние ќе ги поделиме регионите за да можеме да обезбедиме еднаков рамномерен регионален развој. Во прилог на мојата дискусија зошто ќе го поддржам овој амандман се обидувам да ги убедам и претставниците на владеачкото министер за правда мнозинство зошто треба да гласаат токму за овој амандман, бидејќи се претставници и доаѓаат од единиците на локалната самоуправа на цела територија на Република Македонија.

Меѓутоа, повторно инсистирам пред нас да биде доставен извештајот односно мислењето по овој амандман од овој закон што во овој момент, како претставник на Владата, пред нас го нуди министерот за локална самоуправа, господинот Коњановски.

Господине Коњановски,

Сметам дека и кога по своја природа го замислувавте и креиравте овој закон, дека регионализацијата што ја протежирате со овој закон ќе биде логична, односно демографски, географски, и сите други видови анализи ќе ги направите за да направите навистина рамномерни региони. Претпоставувам, за вас наједноставно беше да започнете од статистичката регионализација, за што веќе Владата на Република Македонија донесе Одлука. Меѓутоа, бидејќи претпоставувам дека нема да ги посматрате регионите за што пропагирате и сакате да донесете закон за рамномерен регионален развој дека нема да ги третирате едноставно како статистички целини. Статистиката служи за нешто многу поинаку отколку создавање природна атмосфера на општините, да им дозволиме навистина и да им дадеме подеднакви шанси економски да се развиваат.

Заради тоа, и за да оневозможиме токму Владата да ги определува планските региони, што е основа, база на овој закон, молам да го прифатите овој амандман што е многу логичен за планската регионализација, да одлучува Собранието на Република Македонија, како Законодавен дом, составен од претставници, се надевам, на граѓаните на Република Македонија, без оглед од која политичка опција припаѓаат. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

Агим Рамадани се пријави за реплика.

Пратеникот Агим Рамадани, се пријави за реплика, повелете.

**Агим Рамадани:** Благодарам господине потпретседателе,

Почитувани пратеници, морам на госпоѓа Бендевска да и реплицирам, поради тоа што јас не можам да ги сфатам членовите од партијата СДСМ кога на Комисијата се расправаше за истиот Закон, за прата фаза, во текот на расправата, се сеќавам многу добро дека тој ден беше прифатена првата фаза од нивните членови. Таму беше госпоѓата Роза Филипова и коалициониот партнер Слободан Најдовски. Така што на таа Комисија сите одлуки беа донесени едногласно.

Вакви размислувања, вакви претпоставки дека Владата не може и не треба да го донесе овој закон на ваков на чин е голема ваша грешка, ако така мислите госпоѓо, поради тоа што Собранието на Република Македонија е составена од позиција и опозиција. И, природно право на позицијата е да го воспостави начинот на однесување, нормално, земајќи ги предвид сите забелешки, претпоставки, совети од опозицијата. Меѓутоа, сепак, на крајот Владата го има завршниот збор поради тоа што е продукт на изборите што се случија на 5 јули 2006 година.

Тргнувајќи од тоа, вие сега кажувате дека ние не можеме вас да ве убедиме, или сакате да не убедите. Начинот на кој што вие зборувате, не еден час, не три дена, триста години да зборувате, немате добри зборови да не убедите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рамадани.

Контра реплика од една минута госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Јас би му препорачала на мојот колега од ДПА да земе и да го прочита Законот за пратеници, односно да си ги прочите сопствените ингеренции што се уставно загарантирани како пратеник односно претставник.

Господине Рамадани, Владата дава предлог до нас, на закони, а Собранието на Република Македонија, каде што сте и вие пратеник, ги гласа и ги донесува тие закони. Тоа е основната демократска претпоставка во Република Македонија. Да ве потсетам, согласно Уставот, се работи, Република Македонија е парламентарна демократија. Парламентарната демократија значи глас на народот преку свои избрани претставници на легални избори. Таков сте и вие господине. Вие носите закони што Владата ги предлага. А ние ги подобруваме и за тоа имаме можност амандмански врз нив да деллуваме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе,

Пред да ги искажам аргументите зошто го поддржувам амандманот поднесен од пртеникот господин Никола Ќуркчиев, би сакала да изразам еден мој личен протест или револт, прво како пратеник, а после како правник за начинот на кој што го добивме и сега расправаме по овој закон.

Да, точно е, СДС гласаше за потребата од донесување на овој закон, затоа што навистина на Република Македонија и е потребен ваков закон. Но, вие знаете дека и во комисиите, на расправите и пленарната овде седница, ние овде како пратеничка група изнесовме бројни забелешки, мислења и сугестии во смисла на подобрување на текстот на законот, и сметавме дека барем претежен дел од забелешките, бидејќи не беа политички, туку беа забелешки за подобрување на текстот на законот, не се прифатени и концептуални и суштински забелешки, не се прифатени, па затоа бевме доведени во ситуација да поднесеме амандмани, Сега, нешто околу амандманите.

Јас, навистина остро би реагирала како пратеник, во иднина вакви нешта да не ни се случуваат. Во Република Македонија, за прв пат се донесува ваков закон и сега, наместо да се остави на пратениците повеќе време, бидејќи овде сите не сме стручни, за регионален развој, не сме стручњаци, не сме експерти, а сите треба да придонесеме за подобрување на овој закон, наместо да имаме време да се консултираме со луѓе кои ја разбираат оваа проблематика, ние бевме ставени, како пратеници, сите, а особено ние од најголемата пратеничка опозициона група, пред свршен чин, доведени во ситуација по телефон да се известуваме дека имаме седница и да ни се остават се на се два часа за разлгедување на законот и за поднесување на амандмани.

Ние вложивме огромен напор, огромна енергија. Направивме амандмани. Сега, немојте да сфатите поинаку, туку сфатете дека ова е наша заложба, наш ангажман да подобриме нешто во овој закон.

Сега зошто сакам да ги искажам аргументите зошто го поддржувам амандманот поднесен од страна на колегата пратеник Ќуркчиев.

Овој амандман се однесува на членот 5, ставот 1, односно ставот 2. Со ставот 2 се регулираат планските региони. И сега, да не импровизирам, би го прочитала овој став:

“Планските региони од став 1 на овој член се единиците на НТЕС 3 ниво утврдени со акт на Владата на Република Македонија за утврдување на номенклатура на територијалната единица за статистика - НТЕС”.

Тука ништо нема спорно. И еве, според тој НУТС, јас не сум доволно стручна, како се вика, Република Македонија е поделена на осум региони. Тоа се овие региони, со мерки и граници, онака како што се наведени во Картата на Република Македонија.

Ние ја поддржуваме оваа ваква административна територијална поделба на функционални единици, но што бараме со овој амандман. Со овој амандман предлагаме во иднина, доколку овие утврдени плански региони се менуваат, Одлука за ваквото нивно менување да донесе ова Собрание или, за промена на овие НТЕС или НУТС, како ги викате, да одлучува Собранието на Република Македонија. А, не да се остави за ова да се одлучува, за промена, со акт на Владата на Република Македонија.

Зошто ова го зборувам? Затоа што да, Владата можеби, како извршна власт ќе биде најзаинтересирана за рамномерен регионален развој, но немојте да кажете дека Собранието е помалку заинтересирано за рамномерен економски развој на државата. Бидејќи натаму во содржината, во текстот на законот сега е веќе текст, затоа што е последна фаза, имаме, како сакате крстете ги, но тие се органи на регионот. Стручни, консултативни, одлучувачки или како сакате, тие се органи на регионот.

Значи, ние мора, ако утврдуваме нешто треба да утврдиме со закон. Тоа значи дека нашата цел на овој амандман е ги прифаќаме веќе утврдените НУТС-ови со одлука или овие региони што се утврдени за статистички потреби, за попис, а не и за регионален развој. Ги прифаќаме вакви какви што се сега.

Но, за евентуална нивна промена, сакаме нивото на одлучување да биде покачено, односно за нивна промена да одлучува Собранието на Република Македонија. Инсистираме, бараме поддршка од колегите пратеници, затоа што сметаме дека е ред ова така да биде. Сметаме дека овие НУТС-ови, ако сме ги прифатиле, се формирани за една друга намена, сме ги прифатиле сега во закон, ако овие НУТС-ови не стануват законска материја, односно законски регулирани, со мерки и граници, како се овде ставени и како се во ставот 2 на членот опишани, барем дајде да дадеме можност Собранието да одлучува за нивна промена.

Затоа ги повкувам пратениците, како јас, бидејќи не сум потписник на овој амандман, да го поддржат овој амандман затоа што е подобро и за законот, подобро е за сите нас, подобро е за Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Иванова.

За збор се јави господин Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Ви благодарам почитуван потпретседателе.

Исто и јас, на почетокот на дискусијата по овој амандман, генерално ќе го кажам мојот протест и несогласување со начинот на кој што не само што се закажа денешната седница по оваа точка на дневен ред, за Законот за рамномерен регионален развој, туку забелешката што Собранието подлегнува на притисоците и на волјата, политижката волја на Владата што ја наметнува и што всушност управува со Собранието.

А не обратно, Собранието кое ја избира Владата, Владата да сноси отчет и се прилагодува на работата на Собранието, односно да се прилагодува и да ги почитува правилата за работа на Собранието т.е. Деловникот на Собранието.

**Бесим Догани:** Господине Кондарко ќе ве замолам, зборувајте по амандманот. За ова јавете се процедурално. Мислам дека за ова говоревме веќе неколку пати.

**Борис Кондарко:** Еве ја врската со амандманот. Овој амандман е дел од Законот за рамномерен регионален развој за кој ние тврдиме дека не е почитувана процедурата за да биде ставен на дневен ред на денешната седница. Значи, јас ќе говорам за амандманот, меѓутоа пробелмот мораме да го лоцираме во самата суштина. И не треба некому да пречи, ако искажеме некоја критика на сметка на Владата, односно на сметка и на мнозинството во Собранието кое под птитисок на Владата не го почитува Деловникот. А непочитувањето на Деловникот, значи ставањето на оваа точка за која говориме за амандманов, се состои во тоа што во втора фаза кога е доставен законот во Собрание не постои скратена постапка. Значи, штета што законодавниот дом во претходните мандати кога се носел овој Деловник за работа, или во некои други прописи, оваа држава не предвидела што во вакви случаи кога Собрание не ги почитува сопствените правила на работа, сопствениот Деловник. Веројатно треба да го смениме и Законот за постапување на Уставниот суд да се прогласи утре за надлежен да постапува и во вакви ситуации. Затоа што немаме правен механизам на заштита освен да говориме и да протестираме. А сега вие и тој механизам на некој начин ни го оневозможувате, бидејќи ни оневозможувате да говориме и да ја запознаеме јавноста како се крши Деловникот на ова Собрание од страна на владеачкото мнозинство. Понатаму, не само што не постои скратена постапка во втората фаза од донесување на законот согласно нашиот Деловник, туку и навистина е претерано, провидно и очигледно дека на ваквите ситни манипулации Владата настојува да ја дочека опозицијата неспремна и на препад и да не ни остави простор и време да подготвиме амандмани. Но, ние сепак, го направивме тоа и го поднесовме и овој амандман и уште останатите триесетина амандмани за кои денеска ќе говориме. Затоа пред да поминам конкретно на содржината на амандманот, апелирам и до вас, бидејќи навистина ве почитувам и знам дека се трудите и пред целата јавност укажувате и вие лично со вашата работа како потпретседател во водењето на седниците, дека секогаш сте на страната да бидете коректен и да се трудите да го почитувате максимално Деловникот. Затоа мии е многу непријатно кога треба за некои вакви, условно речено и процедурални интервенции и вас лично да ве искритикувам како припадник на парламентарното мнозинство. Значи, дали има во оваа држава некој, или во ова Собрание што ќе се спротивстави на самоволието на Владата. Видовме и вчера како се однесуваше на седницата за пратенички прашања Владата надмено, како Собранието да го претставува безмалку како нужно зло кое само формално треба да ги аминува нејзините политики и желби. Конкретно, овој амандман, членот 5 став 2 ги регулира планските региони кои се однесуваат за статистичките потреби, а не за конкретно планирање на регионалниот развој. Суштината на нашиот предлог, нашето барање за измена на Законот со овој амандман се состои во тоа што инсистираме наместо Владата планските региони да ги определува Собранието на Република Македонија. Значи, ова што претходно го говорев за начинот на однесување на Владата е дополнителен аргумент и стравување дека Владата си приграбува за себе голем број на ингеренции и овластувања и со тоа се става не само над законите, туку и над законодавниот дом, над ова Собрание што уставно не е така. Затоа се сомневаме дека Владата која е составена само на политички принцип врз основа на, односно од страна на партиите кои го сочинуваат владеачкото мнозинство што е обезбедено во Собранието, дека ќе биде помалку пристрасна и помалку објективна отколку кога за една ваква одлука ќе се дебатира и ќе се соочат аргументите во највисокиот законодавен дом каде што се застапени сите политички партии кои учествувале и добиле мандат и на изборите. Значи, не само тоа, ќе имаме и можност како сега што дебатираме за овој закон при случај на евентуална промена, или измена на планските региони во делот на овој закон да објасниме пред јавноста, затоа што Владата работи на затворени седници, Владата ги претставува во јавноста оние аргументи што нејзе и одговараат, а вака Владата би се соочила и со поинакви аргументи кои ќе можат преку директен пренос да ги чујат и сите граѓани на Република Македонија. Затоа е добро Собранието кое хиерархиски е субординирано и врши контрола над работата на Владата и е повисок орган согласно Уставот од Владата, би имало и поголема одговорност и поголема отчетност и поголема гаранција за непристрасност и објективност при донесувањето на вакви одлуки отколку на Владата која си ја спроведува својата сопствена политика. И притоа транспарентноста во тој процес до колку тоа би го правела Владата, би била многу помала. Ова се причините поради кои бараме, предлагаме, инсистираме и му укажуваме на министерот сериозно да размисли и да не настапува со одбојност по секоја цена кон предлозите, аргументите, дискусиите на опозицијата која навистина сака да донесе нешто констуктивно, за да придонесе за нешто конструктивно како подобрување на законот. Значи, нема со ваквиот предлог на опозицијата до колку биде прифатен од министерот да се плаши Владата дека опозицијата ќе ги превземе овие ингеренции во свои раце. Напротив, ние во Собранието најтранспарентно сакаме да се отвори расправа и Собранието да биде надлежно за овие прашања.

Значи, да се зголеми одговорност и непристрасноста. Во спротивно препознаваме со ваквиот предлог на Владата доколку не се прифати амндманот препознаваме суптилно навлегување и влијание, обид за инсталирање на свое политичко влијание од страна на Владата за да има доминација на својата политика, својата желба и своите партиски интереси, да ги пушти своите пипци и на ваков начин да има влијание во локалната самоуправа, односно да го насочува по свој терк и по свои критериуми, се разбира политички, регионалниот рамномерен развој. Затоа уште еднаш нагласувам дека на овој начин Владата само сака политички да доминира и да го заобиколи Собранието и директно да може преку овој закон да си спроведува свои решенија, бидејки во секој момент го имаат парламентарното мнозинство, па дури и да не сака да се соочи, дури и да се прифати амандманот и Собранието да ги донесува овие одлуки за планските региони, повторно Владата ќе си го има крајниот резултат по свое, затоа што го има мнозинството. Затоа не треба Владата да се плаши од дебата во Собранието ни за овој амандман, ни за ова прашање, така и за други прашања кога ние од опозицијата ја критикуваме Владата.

**Бесим Догани:** Ви благодарам годподине Кондарко.

Има збор господинот Никола Ќиркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе, само 30 секунди, бидејќи навистина гледам дека остануваат обидите на предлагачот една пресериозна сфера да се регулира несериозно.

Почитуван министре, одлуката од 24 април 2001 година има само два члена, тоа е одлука за утврдување на номенклатурата на територијалните единици за статистика, скратено НУТС.

Во членот 1 на оваа одлука се вели: Со оваа одлука се утврдува номенклатурата на територијалните единици за статистика како статистички стандард, а во функција на групирање на постојните територијални единици на Република Македонија и формирање на регионални нивоа за статистички цели. Номенклатурата на територијалните единици за статистика е составен дел на оваа одлука.

Член 2, измени и дополнувања на номенклатурата на територијалните единици за статистика ќе се вршат во случаи на потреба од усогалсување со можни промени на правилата, принципите и критериумите во рамките на европскито статистички систем, или заради усогласување со правниот систем во Република Македонија. Меѓутоа, ќе ми дозволите, одлуката е донесена во 2001 година, иако не сакам да се навраќам на тој период, знаете, тогаш важеа некои други правила, сега важат сосема поинакви. Во 2001 година не важеше овој закон за територијална организација на Република Македонија. Во 2001 година се зборуваше во Република Македонија на поинаков начин, за размена на територииии и да не зборувам. Се работи за сериозна забелешка и ве молам да ја прифатите без разлика што претседател на Владата тогаш бил Љубчо Георгиевски кој што имал таков став, или мислење. Од тие причини предлагам овие работи да бидат регулирани во рамките на Собранието на Република Македонија, а не во рамките на Владата.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам потпретседателе.

Почитувнаи коелги за разлика од моите колеги, јас ќе се обидам максимално коректно да дадам свое мислење за предложениот амандман во однос на решението кое што овој амандман предложен има претензии да го промени. Значи, предложениот амандман гласи: планските региони од став 1 на овој член ги утврдува Собранието на Република Македонија. Значи, не постои ниту одредба, ниту критериум, ниту начин, ниту подзакоснки акти, апсолутно ништо. Значи на Собранието на Република Македонија, ако се прифати овој амандман му се остава потполно, да не речам волонтаристички, ама без никакви основи и критериуми да ги определува планските региони. За разлика од тоа постојното решение кое што веројатно не е ни совршено се потпира на нешто што веќе постои, што е одамна усвоено, што е практицирано и што се потпира на реални критериуми, стручни и научни од номенклатурата на територијални единици за статистика. Значи, сепак, е понудено некакво решение кое што е, ќе признаете далеку пообјективно и пообјективизирано отколку амандманот, кој што уште еднаш ќе повторам гласи: планските региони ги утврдува Собранието на Република Македонија. Значи, ни повеќе, ни помалку од тоа. А за разлика од тоа, значи сакате со вакво амандман да го промените членот кој што вели дека планските региони од став 1 на овој член се единиците на НТЕС 3 ниво утврдени со акт на Владата на Република Македонија за утврдување на номенклатура на територијалните единици за статистика НТЕС. Значи, едноставно, ако ништо друго сметам дека и ако е намерата тоа да се воведе поголема објективизираност, или поголема јавност во евентуална промена на регионите, тогаш најмалку во овој закон тоа треба да се направи. Можеби е подобро да се предложи измена веројатно во Законот за статистика во која што ќе се воведе дека тоа што е обврска сега со подзаконски акт Владата да го прави, да се направи со менување на одредба во самиот Закон и каде што Собранието ќе утврдува евентуална промена, или определување на регионите, меѓутоа пак врз основа на објективизирани критериуми. Значи, од тие рпичини сметам дека амандманот е несоодветно, несреќно формулиран и неговото прифаќање ќе внесе дополнителна забуна и апсолутно нема да придонесе за да овој момент кога ќе го донесеме тој закон, знаеме кои се плански региони, ако не ги знаеме веќе регионите, нема да знаеме ни по кои критериуми тие ќе се определуваат и т.н.

**Бесим Догани:** За реплика се јави госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Ние ја кажавме целта која сакаме да се постигне со овој амандман. Затоа и реагирав на почетокот на мојот говор по повод аргументите кога ги изнесовме по овој амандман. Ако не е технички исправен, а е добар амандманот, Владата има можност сега да го преправи амандманот. Целта што сакаме да ја постигнеме е таа. Ние бевме ставени во таква ситуација за два часа треба да мислиме, да читаме, да се подготвуваме и да поднесеме амандмани. Значи, ова е целта. Ние сега кажуваме што сакаме. Претставникот на Владата не прифаќа. Останува пратениците да одлучат, останува понатмау политичката тежина на тој што ја донесува одлуката. Ние мислиме така, дека е подобро за Република Македонија, дека е подобро за регионалниот развој на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Има збор госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.
Јас на почетокот исто како и моите колеги би сакала да реагирам на начино тна кој што оваа точка е ставена на дневниот ред. Не мислев дека ќе предизвикам кај вас насмевка, заради тоа што очекував дека вие како потпретседател на Собранието ќе бевте најзагрижен заради позицијата во која што се става законодавниот дом визави Владата. Меѓутоа, за жал очигледно кога имаме Претседателство кое што не е загрижено за дигнитетот на Собранието на Република Македонија, вакви работи ќе ни се случуваат и во иднина. Објасенте ми потпретседателе кога веќе така реагирае, како, еве пратениците кои што биле на пат до вчера, а кои што сметале дека имаат сеуште време за поднесување на амандмани за Законот за регионален развој кој што е ставен на седницата на 7 мај, како ќе им го обезбедите правото амандмански да регираат на овој закон, кога по итна постапка кој е суштински, кој за прв пат се донесува во Република Македонија, за кој што сите зборувавме дека има потреба да се донесе, за кој што сите зборувавме дкеа е исклучително важен за развојот на Република Македонија, наеднаш имаме ваков потег од страна на Владата која што претседателот и потпретседателите на Собранието и парламентарното мнозинство безрезервно ја прифаќаат. И најголемата иронија на се е да доживееме претставници на парламентарното мнозинство уште да тврдат дека опозицијата е некоректна со поднесување на амандмани. А власта е коректна со ваквото однесување? Единствената можност што пратениците на опозицијата ја имаат и ја имаа е да поднесат амандмани и да се обидат во крајна линија барем малку да влијаат на свеста кај пратениците од парламентарното мнозинство и кај Владата за тоа каков закон е предложен и дали ваквото законско решение навистина ќе ја исполни целта заради која што е предложено, или е битно по секоја цена набрзина да донесеме закон за рамномерен регионален развој, па не е важно дали решенијата во него се добри, или не. Важно е, ќе штиклираме дека еден закон е донесен, бидејќи бевме сведоци на дирекните преноси од седниците на Владата каде што минситрите како ученичиња одговараат на премиерот дека најбрзо ќе ги предложат законите кои што треба да поминат во Собранието, а по дифолт се подразбира дека Парламентот мора веднаш да ги изгласа, дека тоа ќе го направат.

Јас апелирам до пратениците на парламентарното мнозинство, со оглед на тоа што сега сме на првиот амандман, имајќи го предвид некоректниот однос од страна на парламентарното мнозинство, во целиот овој случај, навистина да размислат кои амандмани ќе ги подржат, предложени од страна на пратениците, без разлика дали станува збор за пратеници од власта или од опозицијата, за на крај да имаме добар закон за рамномерен регионален развој, што барем во оваа фаза можеме да сметаме дека дава добра основа за рамномерниот регионален развој. Се разбира дека тој закон понатаму може и да се менува како и секој друг закон, меѓутоа во ваква ситуација ќе биде лошо донесувањето на законт на ваков начин.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам потпретседателе.

Јас немам веќе забелешки на процедурата, јас си го кажав своето, но факт е дека се работи против Деловникот и да сте живи и здрави, терајте, во оваа држава се може. Сега сакам конкретно да кажам за овој амандман.

Јас сакам поконкретно да збовуваме. Јас не знам што е намерата ниту на Владата ниту на предлагачите, но сакам да го кажам своето лично мислење од впечатокот што го стекнувам. Имено, имам впечаток дека треба отворено да проговориме.Решението кое е предложено од Владата, од друга страна амандманот кој е предложен од одредени колеги пратеници, според мојот впречаток има друга смисла на дискусијата односно стравот кај сите нас, дали преку едно вакво предложено законско решение се крие можноста за решавање на одредени односи помеѓу Македонците и другите помали етнички заедници во Република Македонија односно, дајте отворено да проговориме, дали кај сите нас постои стравот дека преку едно вакво решение, кај оваа или кај некоја идна Влада, може да дојде до прекројување на статистичките региони кои се сега во Република Македонија и да се воспоставаат региони на некои други правила, други норми што би биле по етничка поделба, кои би биле катастрофални за Република Македонија. Тука треба да го видиме ставот на Владата на Република Македонија по однос на предложениот член. Да не употребувам некоја изрека од

соседството но сите вртиме околу проблемот и не сакаме отворено да зборуваме. Парламентот е место каде треба отворено да разговараме. Тука се решаваат тие проблеми и тука можеме да ги надминеме сите разлики кои постојат не само помеѓу различни политички партии, политички припадности, туку и етнички припадности. Затоа, според мое убедување амандманот треба да се прифати од една едноставна прична. Со оглед на тоа што вака е дадено решението на Владата, велам дали на оваа или на некоја идна Влада, може да се користи прекројувањето на статистичките региони кои сега се дадени со закон, за кои ние сега го носиме овој закон и велиме дека ќе биде така како што ни е објаснето, може во некои состави, дали на оваа или на идна Влада, да се користат за политички цели. Тоа е она што не е добро. Ние немаме убедување од Владата дека овие региони кои сега се дадени нема да се менуваат. Нека се менуваат ако произлегуваат од други критериуми, од економски, демографски и не знам какви други критеруми. Но, стравот за прекројување на овие статистички, сега, региони кои би оделе по некоја етничка поделба, тоа е основното за кое треба да расправаме и тука треба да дефинираме, да најдеме заедничко решение, еве ако не е ова најдоброто решение, значи да најдеме заедничко решение и со Владата да го елиминираме тој страв кај сите нас, пред се овде во Парламентот, во политичките партии, а со тоа да придонесеме и надвор да се надминува таа етничка поделеност односно со законските решенија кои ќе ги донесеме да придонесеме за зближување на различните етнички заедници во Република Македонија. Доколку истиот овој закон го носевме во претходниот состав, јас знам како ќе реагираат пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, тие кои тогаш беа, за едно вакво решение, ќе го поврзеа со Законот за територијална организација и првиот збор ќе беше предавниците на Македонија. Јас не сакам така никогаш да зборувам, напротив, јас сакам да ја гледам добрата страна на предложениот закон. Мојот предлог е да не овозможиме било какви подоцнежни импликации кои ќе произлезат од едно вакво законско решение и заеднички со Владата да изнајдеме усогласеност и, велам, да придонесеме за зближување помеѓу граѓаните во Република Македонија.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Најдовски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат.

Ги повикувам службите да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата немаме доволен број на пратеници, уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата за да пристапиме кон гласање кон амандманот.

Почитувани пратеници пред да ја заклучам седницата, бидејќи немаме доволем број пратеници, дозволете ми од мое и ваше име на сите граѓани на Република Македонија да им го честитам Први мај празникот на трудот.

Со денешната 43 седница продолжуваме во понеделник во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,30 часот.